

Slow Food®
Macedonia

ГОСТИЛНИЦИ
MEJHANE • GUESTHOUSES

2021

www.slowfood.mk

Оваа публикација е поддржана од регионалниот проект „Поддршка на економската диверзификацијата на руралните области во Југоисточна Европа (СЕДРА)" финансиран од Федералното министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) и Regional Rural Development Standing Working Group in SEE (SWG RRD).

Анализите, резултатите и препораките во оваа публикација го претставуваат мислењето на авторите и не мора задолжително да го претставуваат ставот на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ).

Ky publikim është mbështetur nga projekti "Përkrahja e Diversifikimit Ekonomik në Zonat Rurale në Evropën Juglindore" (SEDRA), i financuar nga Ministria Federale për Bashkëpunim Ekonomik dhe Zhvillim (BMZ) dhe implementuar nga Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) dhe Regional Rural Development Standing Working Group në EJL (SWG RRD).

Analizat, rezultatet dhe rekomandimet në këtë publikim janë opinione të autorëve dhe jo domosdoshmërisht qëndrime të Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH.

This publication is supported by the Project Support to Economic Diversification of Rural Areas in Southeast Europe (SEDRA), commissioned by the Federal Ministry for Economic Cooperation and Development (BMZ) and implemented by the Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) and the Regional Rural Development Standing Working Group in SEE (SWG RRD).

The analysis, results and recommendations in this publication represent the opinion of the author(s) and are not necessarily representative of the position of the Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH.







Slow Food®

Macedonia

ГОСТИЛНИЦИ

MEJHANE • GUESTHOUSES

2021

www.slowfood.mk

РЕДАКЦИЈА

Уредници:
проф. д-р Ангела Крстаноска Паскуале
Николче Николовски

Автор на текст: Валентина Вања Тодоровска

Технички информации: Марјан Костадиновски

Стручни соработници:
проф. д-р Соња Србиновска
Василка Стефановска
Слободен Чокрески
Ивана Симјановска
Маре Јаневска
Александра Атанасовска
Елена Џајкоска
Дејан Карапеев
Бобан Симоновски
Пеце Клечкароски

Превод на англиски и албански јазик:
Селпи Пошка
Агим Пошка

Лектура: Марина Геческа-Василевска

Дизајн и уредување: ОРТОГРАФ
Фотографии: КОНЦЕПТ Продукција

Насловна страница: Репродукција на „Ресенчанка (1939)“ од Катја Ефтимова

Тираж: 500 примероци
Печати: „Арс Ламина“, Скопје

Каталогизација: Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

Издавач: Slow Food Macedonia © 2021
info@slowfood.mk / www.slowfood.mk

Сите права се задржани. Ништо не смее да се копира и објавува во целина или во делови без писмена дозвола од издавачот.

REDAKSIA:

Redaktorët:
Prof. Dr. Angela Krstanoska Paskuale
Nikollçe Nikollovski

Autori i tekstit: Valentina Vanja Todorovska

Informacioni teknik: Marjan Kostadinovski

Bashkëpunëtorë profesional:
Prof. Dr. Sonja Srbinovska
Vasilka Stefanovska
Slloboden Çokreski
Ivana Simjanovska
Mare Janevska
Aleksandra Atanasovska
Elena Xhajkoska
Dejan Karapeev
Boban Simonovski
Pece Kleçkaroski

Përkthimi në anglisht dhe shqip:
Selpi Poshka
Agim Poshka

Lektorimi: Marina Geçeska Vasilevska

Dizajni dhe redaktimi: Punëtori Grafike ORTOGRAF
Fotografitë: Produksioni KONCEPT

Faqja e kopertinës: riprodhimi i “Resnjarja” (1939) nga Katja Eftimova

Tirazhi: 500 kopje
Shtyp: Ars Lamina, Shkup

Katalogimi: Biblioteka Universitare Shën Klementi i Ohrit, Shkup

Botues: Slow Food Maqedoni © 2021
info@slowfood.mk / www.slowfood.mk

Të gjitha të drejtat janë të rezervuara. Asgjë nuk mund kopjohet dhe botohet tërësisht ose pjesërisht pa lejen me shkrim të botuesit.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

613.2:640.41(497.7)(036)

ТОДОРОВСКА, Валентина Вања
Slow Food : гостилници = mejhane = guesthouses : 2021 / [автор на текст Валентина Вања Тодоровска = autori i tekstit = author of the text Valentina Vanja Todorovska ; превод на англиски и албански јазик Селпи Пошка, Агим Пошка = përkthimi në anglisht dhe shqip = English and Albanian translation Selpi Poshka, Agim Poshka]. - Битола : Слоу Фуд Македонија, 2021. - 67 стр. : илустр. ; 21 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик

ISBN 978-608-65857-3-0

а) Промовирање на храна -- Угостителски објекти -- Македонија -- Водичи

COBISS.MK-ID 54274053

EDITORIAL TEAM:

Editors:
Angela Krstanoska Paskuale PhD
Nikolce Nikolovski

Author of the text: Valentina Vanja Todorovska

Technical information: Marjan Kostadinovski

Professional collaborators:
Sonja Srbinovska PhD
Vasilka Stefanovska
Sloboden Chokreski
Ivana Simjanovska
Mare Janevska
Aleksandra Atanasovska
Elena Dzajkoska
Dejan Karapeev
Boban Simonovski
Pece Klechkaroski

English and Albanian translation:
Selpi Poshka
Agim Poshka

Proof-reading: Marina Gecheska Vasilevska

Design and editing: ORTOGRAF Graphics Workshop
Photos: CONCEPT production

Cover page: reproduction of the "The girl from Resen" (1939) by Katja Eftimova

Circulation: 500 copies
Print: Ars Lamina, Skopje

Cataloging: University Library St. Kliment Ohridski, Skopje

Publisher: Slow Food Macedonia © 2021
info@slowfood.mk / www.slowfood.mk

All rights reserved. Nothing may be copied and published in whole or partially without the written permission of the publisher.



ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ

Почитувани гурмани, хедонисти и патници-намерници,

Добредојдовте на страниците на првото издание на водичот „Слоу Фуд гостилници“ со кој сакаме да ви предложиме места кои ја промовираат регионалната кујна и придонесуваат за заживување на местата за јадење, кои особено ги рефлектираат локалните вкусови и идентитетот. Ресторани, гостилници, деликатесни продавници за вино, пекари... – сите тие служат храна позната по нивниот квалитет, вредност и верност кон традицијата и иднината.

Предложените места овозможуваат добро, „старомодно“ гостопримство од страна на домаќините, а локалите поседуваат амбиент каде што можете да поминете неколку часа задоволство без да се чувствувате како некој да ве „опсервира“.

Ги нарековме „Слоу Фуд гостилници“ затоа што се неформални, ја одразуваат традицијата и територијата збогатена со понудата на вина и други домашни пијалаци и во кои, повеќе од кога било во кујните, младите талентирани готвачи и персонал ја задржуваат неформалноста, но сепак ги применуваат принципите на современата кујна.

Кога ќе видите ознака „Слоу Фуд гостилница“ на која се наоѓа црвеното полжавче, на вратите на локалите избрани од страна на Слоу Фуд Македонија, тоа значи дека потеклото на храната е локално, високо квалитетно произведено од малите фармери и занаетчии. Тоа нека ви биде патоказ кон објекти каде добро се јаде и пие, дека токму таму има мени - репрезент на локалната кујна која обезбедува добра вредност за парите со фер цени во менито.

Со овој водич Слоу Фуд Македонија оди чекор напред во афирмирање на вредностите кои се однесуваат на воспоставување локални врски, партнерства и пријателства во локалните заедници, особено во руралните средини, нивно социјално и културно интегрирање во општеството, преку обезбедување егзистенција со вреднување на нивната работа и валоризација на нивниот труд.

Во „Слоу Фуд гостилници“ даваме поглед во иднината и имаме амбиција да претставува референтна точка за сите заинтересирани од светот на угостителството. Нашата задача е заедно да направиме храбар, доверлив, богат и објективен водич, а посветеноста на овој концепт ќе ја надоградуваме во следните изданија кога ќе се вклучат и нови локали од други региони.

Благодарност за придонесот во реализацијата на сите вклучени: донаторите, соработниците и редакцијата на Слоу Фуд гостилници.

Искрено посакуваме водичов да стане придружник за патувачите, туристите кои планираат да ја запознаат нашата земја, нашата богата и длабоко вкоренета историја и гастрономска традиција. Ве покануваме заедно, следејќи ги препораките, да го истражуваме времето и просторот преку вкусовите препорачани на страниците на водичот.

Добар апетит!
Уредниците

MIRËSEVINI

Të dashur gustatorë, hedonistë dhe udhëtarë me qëllim, Mirësevini në faqet e edicionit të parë të udhëzuesit "Slow Food Mejhanet" në të cilin duam të sugjerojmë vende që promovojnë kuzhinën rajonale dhe kontribuojnë në ringjalljen e vendeve që pasqyrojnë në veçanti shijet dhe identitetin lokal. Restorante, mejhane, dyqane delikatesesh për verë, furra buke ... - të gjithë keto shërbejnë ushqime të njohura për cilësinë, vlerën dhe besnikërinë ndaj traditës dhe të ardhmes.

Vendet e propozuara ofrojnë mikpritje të mirë "tradicionale" nga nikoqirët, ndërsa restoranti ka ambient ku ju mund të kënaqeni për disa orë pa u ndjerë sikur dikush ju "vëzhgon".

I quajtëm "Slow Food Mejhanet" sepse janë joformale dhe pasqyrojnë traditën dhe territorin e pasuruar me ofertën e verërave dhe pijeve të tjera të bëra në shtëpi. Këtu, më shumë se kurrë më parë, kuzhinierë të rinj dhe staf i talentuar ruajnë informalitetin por megjithatë aplikojnë parimet e kuzhinës bashkëkohore.

Kur shihni shenjën "Slow Food Mejhanet" mbi të cilën ndodhet kërmilli i kuq, ndaluni në vendet e zgjedhura nga Slow Food Maqedoni, dhe aty ushqimi do të ketë origjin lokale, cilësi të lartë dhe do të jetë i prodhuar nga fermerë dhe zejtarë të vegjël. Le të jetë ky një udhërrëfyes për restorantet ku ju hani dhe pini mirë, aty ku ka një menu - përfaqësues i kuzhinës lokale që ofron vlerë të mirë për të hollat që paguani me çmime të drejta në menu.

Me këtë udhëzues, Slow Food Maqedoni shkon një hap më tej në afirmimin e vlerave që kanë të bëjnë me krijimin e lidhjeve lokale, partneriteteve dhe miqësive në bashkësitë lokale, veçanërisht në zonat rurale si dhe integrimi i tyre shoqëror dhe kulturor në shoqëri, duke sig-



WELCOME

uruar ekzistencë përmes vlerësimit të punës si dhe përmes valozimit të mundit të tyre.

Në "Slow Food Mejhanet" ne hedhim një vështrim drejt të ardhmes dhe kemi ambicien të jemi një pikë referimi për të gjithë ata që janë të interesuar në botën e gastronomisë.

Detyra jonë është që së bashku të bëjmë një udhëzues të guximshëm, të besueshëm, të pasur dhe objektiv dhe përkushtimi jonë për këtë koncept do të azhurohet edhe në edicionet e ardhshme, kur do të përfshihen edhe lokale të reja nga rajone të tjera.

Mirënjohje të gjithë të përfshirëve për kontributin në realizimin e udhezuesit: donatorëve, bashkëpunëtorëve dhe redaksisë së Slow Food Mejhanet.

Ne sinqerisht dëshirojmë që ky udhëzues të bëhet një shoqërues për udhëtarët dhe turistët që planifikojnë të njohin vendin tonë, historinë tonë të pasur dhe me rrënjë të thella si dhe traditën tonë gastronomike.

Ju ftojmë që së bashku, duke ndjekur rekomandimet, të eksplorojmë kohën dhe hapësirën përmes shijeve të sugjeruara në faqet e udhëzuesit.

Ju bëftë mirë!
Redaktorët

Dear gourmets, hedonists and intentional travelers,

Welcome to the pages of the first edition of the guidebook "Slow Food Guesthouses" in which we want to suggest places that promote regional cuisine and contribute to the revitalization of food places that especially reflect local tastes and identity. Restaurants, guesthouses, delicatessen stores for wine, bakeries ... - they all serve food known for its quality, value and loyalty to the tradition and the future.

The proposed places provide good, traditional hospitality by the hosts and the restaurants have an ambience where you can spend a few pleasant hours without the feeling that someone "observes" you.

We named them "Slow Food Guesthouses" because they are informal, reflect the tradition and the territory enriched with wine offers and other home-made drinks, in which more than ever, young talented chefs and staff retain informality but still apply modern cuisine principles in the kitchens.

When you see the sign "Slow Food Guesthouse" on which a red snail can be found, drop by to a food place selected by Slow Food Macedonia, and that means that the origin of the food is local there, it is of high quality and produced by small farmers and craftsmen. Let that be a signpost to the places where you can eat and drink well, to the places where there is a menu – a local kitchen representative, that provides good value for the money and reasonable price in the menu.

With this guidebook, Slow Food Macedonia takes a step forward in affirming the values that lead to the establishment of local net-

works, partnerships and friendships in the local communities, especially in the rural environment, their social and cultural integration into the society, by providing existence through valuating their work and valorization of their labor.

In "Slow Food Guesthouses" we give a glimpse of the future and our ambition is to become a reference point for all those interested in the world of gastronomy.
Our task is to create a courageous, trustworthy, rich and objective guidebook together, and our commitment to this concept will be upgraded in the next editions as well, when new guesthouses from other regions will be included.

We express our gratitude for the contribution to all involved: donors, collaborators and the Slow Food Guesthouses editorial staff.

We sincerely wish this guidebook to become a companion for travelers and tourists who plan to get to know our country, our rich and deep-rooted history as well as our gastronomic tradition.

We invite you all together, to explore the time and the space, by following the guidelines and through the tastes recommended on the pages of this guidebook.

Good appetite!
The editors



ПРЕПОРАЧАНА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА













lamina

literatura.mk

*достапни во сите книжарници Литература.мк и онлајн.

ГОСТИЛНИЦА НА ИДНИНАТА

Слоу Фуд во последните децении промовира екогастрономија, којашто ги испреплетува уживањето и достапноста на храната, значењето на локално произведените прехранбени производи, зачувувањето на биодиверзитетот и културното наследство, здравата исхрана и влијанието на штетните ефекти на глобализацијата врз прехранбениот сектор и планетата. Својата визија за подобар свет ја гради со промовирање добра храна што значи гастрономско задоволство и бавно темпо на живот, но и на чиста и правична храна која ги потенцира силните врски помеѓу чинијата, планетата, луѓето, политиката и културата.

Гостилниците на Слоу Фуд се олицетворение на таа визија, при што секој гостин треба да се почувствува **добредојден**, во топла и **домаќинска атмосфера**, со гостоприемливост и оригиналност кои создаваат чувство на сигурност и задоволство. Домаќинот и персоналот работата ја извршуваат со љубов, посветеност и **пријателски пристап** кој е помалку формален од приемот во класичните ресторани, но со многу почит кон гостите и нивните потреби.

„Слоу Фуд гостилниците" се претставници на **локалниот идентитет** на регионот во којшто се наоѓаат. Тоа е така не само заради историските, културните, архитектонските и природните обележја и пејзажи, туку и заради употребените локални производи, гастрономските обичаи или стил, понудените локални вина, локалните сирења и сл. Нудат **уникатна локална кујна** преку мени кое треба да биде препознатливо само за таа гостилница.

Носечки мотив и база при подготвувањето на менито секогаш треба да биде **традицијата**, но сепак не смеат да се забораваат и придобивките и научните сознанија што ги носи модерното време. Најдобриот концепт е кога минатото се спојува со иднината во една носталгична, домаќинска, но сепак предизвикувачка и креативна понуда. Притоа, шефот на кујната избира **производи со висок квалитет** кои, пак треба да бидат од сопствено производство или од проверен и сигурен добавувач. Персоналот кој ја послужува храната да биде обучен како умешно да ја понуди и да ја направи уште повпечатлива со раскажување на приказната поврзана со начинот на нејзината подготовка и уникатноста со којашто таа се одликува.

Домаќините ја почитуваат **животната средина** и тоа се огледува во секојдневната примена на одржливи практики, обновлива енергија и селекција на отпад. Поддршката на **локалната заедница**, важна во остварувањето на заедничката цел, преку соработка со локалните производители и даватели на услуги, ќе овозможи нивно економско јакнење, социјално интегрирање и културно воздигнување, што ќе резултира и со подигната јавна свест за сите еколошки и општествени прашања кои ја засегаат заедницата.

MEJHANJA E SË ARDHMES

Në dekadat e fundit Slow Food ka promovuar eko gastronominë, e cila ndërthur kënaqësinë dhe disponueshmërinë e ushqimit, rëndësinë e ushqimit të prodhuar në vend, ruajtjen e biodiversitetit dhe trashëgimisë kulturore, ushqimin e shëndetshëm dhe ndikimin e dëmshëm të globalizimit në sektorin e ushqimit dhe në planetin tonë. Vizionin për një botë më të mirë e ndërton duke promovuar ushqim të mirë, që do të thotë kënaqësi gastronomike dhe një ritëm i ngadaltë i jetës, por gjithashtu duke promovuar ushqimin e pastër dhe të drejtë që thekson lidhjet e forta mes pjatës, planetit, njerëzve, politikës dhe kulturës.

Slow Food mejhanet janë reflektim i këtij vizioni, ku çdo mysafir duhet të ndihet i **mirëseardhur**, me mikpritjen dhe origjinalitetin që krijojnë një ndjenjë sigurie dhe kënaqësie, në një **atmosferë shtëpiake** dhe të ngrohtë. Nikoqiri dhe stafi e kryejnë punën me dashuri, përkushtim dhe një **qasje miqësore** që është më pak zyrtare sesa pritja në restorantet klasike, por me shumë respekt për mysafirët dhe nevojat e tyre.

"Slow Food Mejhanet" janë përfaqësues të **identitetit lokal** të rajonit në të cilin ndodhen. Kjo jo vetëm për shkak të monumenteve dhe peizazheve historike, kulturore, arkitektonike dhe natyrore, por edhe për shkak të produkteve vendase që përdorin, zakoneve ose stilit gastronomik, verërave dhe djathrave lokale që ofrojnë, etj. Ata ofrojnë **kuzhinë unike lokale** përmes një menuje që duhet të jetë e dallueshme vetëm në atë konak.

Motivi dhe baza kryesore për përgatitjen e menusë duhet gjithnjë të jetë **tradita**, por përfitimet dhe njohuritë shkencore që sjellin kohët moderne nuk duhet të harrohen. Koncepti më i mirë është kur e kaluara bashkohet me të ardhmen në një ofertë nostalgjike, shtëpiake, megjithatë sfiduese dhe krijuese. Duke bërë këtë, shefi i kuzhinës zgjedh produkte me cilësi të lartë të cilat, nga ana tjetër, duhet të jenë prodhimi i tij ose nga një furnizues i kontrolluar dhe i besueshëm. Personeli i shërbimit duhet të aftësohet se si ta ofrojnë ushqimin me shkathtësi dhe ta bëjnë edhe më mbresëlënës duke treguar një tregim në lidhje me mënyrën e përgatitjes dhe veçantinë me të cilën ky ushqim dallon.

Nikoqirët respektojnë mjedisin dhe kjo pasqyrohet në zbatimin e përditshëm të praktikave të qëndrueshme, energjisë së rinovueshme dhe selektimin e mbeturinave. Mbështetja e **komunitetit lokal**, që është e rëndësishme për arritjen e qëllimit të përbashkët, përmes bashkëpunimit me prodhuesit vendorë dhe ofruesit e shërbimeve, do të mundësojë përforcimin e tyre ekonomik, integrimin shoqëror si dhe ngritjen kulturore, gjë që do të rezultojë në rritjen e ndërgjegjësimit publik për të gjitha çështjet mjedisore dhe sociale që ndikojnë komunitetin.

A GUESTHOUSE FROM THE FUTURE

In the recent decades, Slow Food has been promoting eco-gastronomy, which intertwines the enjoyment and availability of food, the importance of locally produced food products, the preservation of biodiversity and cultural heritage, healthy eating and the negative impact of globalization on the food sector and the planet. Slow Food develops its vision for a better world by promoting good food, which means gastronomic pleasure and slow living, but also by promoting clean and fair food that emphasizes the strong links between the dish, the planet, the people, politics and culture.

The Slow Food restaurants are the reflection of that vision, it is where every guest should feel **welcome**, in a warm and **homely atmosphere**, with hospitality and originality that create a sense of security and satisfaction. The host and the staff do their job with love, dedication and have **friendly approach** that is less formal than the one in the classic restaurants, but it is full of respect for the guests and their needs.

The "Slow Food Guesthouses" are **local identity** representatives of the region they are located in. This is not only because of the historical, cultural, architectural and the natural landmarks and landscapes, but also because of the local products they use, the gastronomic style or customs, the local wines and cheeses they offer, etc. They also offer a **unique local cuisine** through a menu that is recognizable only in that particular guesthouse.

Tradition should always be the main motive and basis while creating a menu, however the benefits and the scientific knowledge that modern times bring must not be forgotten. The best concept is the one when the past merges with the future into a nostalgic, homely, yet challenging and creative offer. In doing so, the chef chooses **high quality products** that should be produced by them or by an already proven and reliable supplier. The service staff should be trained to offer the food skillfully and make it even more impressive by telling the story related to the way it is prepared and the uniqueness which makes it distinguished.

The hosts respect the **environment** and this is reflected in the daily application of sustainable practices, renewable energy and the waste selection. The **local community** support, that is important in achieving the common goal, through cooperation with local producers and service providers, will enable them economic strengthening, social integration and cultural uplift, which will result in increased public awareness of all environmental and social issues that affect the community.



DOMATO

ДОМАШНИ ПРОИЗВОДИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВАШИОТ ДОМ

DOMATO.MK

ПОБЛИСКУ ДО СЛОУ ФУД

Водичот е инспириран од традицијата на гостилниците во Македонија и примената на филозофијата на Слоу Фуд во ресторанското работење. Конципиран е по примерот на водичот „Остерие д'Италија" (Osterie d`Italia) на Слоу Фуд Италија, а со имплементација на постоечката законска регулатива кај нас.

Со цел полесно да го претставиме концептот на „Слоу Фуд гостилници" и принципите на кои тој е граден и според кои треба да се заслужи „полжавот", идентификуваме неколку карактеристични точки преку коишто може да се креира визијата за современата „Слоу Фуд гостилница".

Тука ги презентираме генералните услови:

• Почетната точка е локацијата на која се наоѓа гостилницата, пејзажот, пристапноста, архитектурата на објектот и **амбиентот**. Гостилницата треба да е горда на својата традиција и корените, но да не е со стар, уморен и монотон изглед. Напротив, треба да е модерна, без да го заборава минатото.

• **Гостопримство** на домаќинот, кој треба да е добро организиран, дружељубив, со чувство за емпатија и искрена посветеност во својата работа.

• **Квалитет** заснован на изборот на локални намирници со почитување на нивната сезонска достапност, локалниот биодиверзитет, традиционалните и одржливи начини на производство. Набавките се вршат од локални мали производители и познати снабдувачи со проверен и стабилен квалитет, набавени по коректна и фер цена. Гостилницата треба да понуди свое домашно вино и локални вина произведени од мали семејни винарии препорачани од Слоу Фуд.

• Почитување на **гастрономските традиции**, коишто во допир со креативноста на готвачот добиваат поатрактивна димензија. Традицијата не треба да биде алиби за нешто што е непроменливо и конзервативно. Гостилницата не ги следи трендовите, туку ги креира преку менито кое го нуди.

• **Фер цена** за која гостинот добива квалитена храна и задоволство, а угостителот прави соодветна валоризација на чинијата.

• **Додадени вредности** како поседување сопствена зеленчукова градина, специјализирани мениа, гастрономски доживувања, поседување сопствена пекара, уредување на продажен штанд со локални производи и други содржини кои ќе придонесат за поквалитетен претстој и впечатоци кај гостите.

• Гостилницата мора да воспостави **интерактивна комуникација** со гостите преку своите профили и страници на социјалните мрежи, каде тие ќе ги оценуваат понудените услуги.

Како „Слоу Фуд гостилници" може да се препорачаат угостителски, хотелски ресторани, етноресторани, фарми, планинарски домови, но и пекари, слаткарници и деликатесни продавници кои ги исполнуваат бараните критериуми. Слоу Фуд Македонија нуди поддршка и насоки за следење на критериумите на сите кои сакаат да запловат во концептот на „Слоу Фуд гостилници".

MË AFËR KONCEPTIT SLOW FOOD

Tradita e mejhaneve në Maqedoni dhe zbatimi i filozofisë Slow Food në biznesin e restoranteve kanë qënë frymëzimi për krijimin e ketij udhëzuesit. Është konceptuar sipas shembullit të udhëzuesit "Osteried'Italia" të SlowFood Itali, dhe me zbatimin e legjislacionit ekzistues në vendin tonë.

Me qëllim që të paraqesim më lehtë konceptin e "SlowFood Mejhanet" dhe parimet mbi të cilat ai është ndërtuar si dhe sipas të cilave meritohet "kërmilli", ne identifikojmë disa pika karakteristike përmes të cilave mund të krijohet vizioni i Slow Food Mejhanes bashkëkohore.

Në vijim janë prezantuar kushtet e përgjithshme:

• Pika fillestare është **vendndodhja** e konakut, peizazhi, aksesueshmëria , arkitektura e ndërtesës dhe **ambienti**. Restoranti duhet të jetë krenar për traditën dhe rrënjët e tij, por nuk duhet të ketë pamje të vjetër, të lodhur dhe monotone. Përkundrazi, duhet të jetë modern, pa e harruar të kaluarën.

• **Mikpritja** e nikoqirit, i cili poashtu duhet të jetë i organizuar mirë, miqësor, me ndjenjën e empatisë dhe me angazhim të sinqertë për punën e vet.

• **Cilësi** e bazuar në zgjedhjen e ushqimeve lokale gjithnjë duke respektuar disponueshmërinë e tyre sezonale, biodiversitetin lokal si dhe mënyrat tradicionale dhe të qëndrueshme të prodhimit. Furnizimet bëhen nga prodhues të vegjël vendorë dhe furnizues të njohur me cilësi të kontrolluar dhe të qëndrueshme, të siguruara me çmim korrekt dhe të drejtë. Majhanja duhet të ofrojë verën e vet të bërë në shtëpi dhe verëra lokale të prodhuara nga kantinat e vogla familjare të rekomanduara nga Slow Food.

• Respektim i **traditave gastronomike**, të cilat në kontakt me krijimtarinë e kuzhinierit marrin një dimension më tërheqës. Tradita nuk duhet të jetë alibi për diçka që është e pandryshueshme dhe konservatore. Majhanja nuk ndjek trendet, por i krijon ato përmes menusë që ofron .

• **Çmim i drejtë** për të cilin mysafiri fiton ushqim cilësor dhe kënaqësi, ndërsa pronari i mejhanes bën valorizimin e duhur të pjatës.

• **Vlera të shtuara** si p.sh. objekti posedon kopësht me perime, menu të specializuara, përvoja gastronomike, furrë, stende për shitjen e produkteve vendore dhe përmbajtje të tjera, të gjitha këto kontribuojnë në një qëndrim më të mirë dhe përshtypje pozitive për mysafirët.

• Mejhanja duhet të ketë **komunikim interaktiv** me mysafirët përmes profileve dhe faqeve të mediave sociale, ku vizitorët do të vlerësojnë shërbimet e ofruara.

Si "SlowFood Mejhane" mund të rekomandohen mejhanet, restorantet e hoteleve, etno restorantet, fermat, shtëpitë malore, por edhe furrat e bukës, pastiçeritë dhe dyqanet për delikatesa që përmbushin kriteret e kërkuara. SlowFood Maqedoni ofron mbështetje dhe udhëzime për ndjekjen e kritereve të gjithë atyreve që duan të zhyten në konceptin e "SlowFood Mejhanet".

CLOSER TO SLOW FOOD

The guidebook is inspired by the tradition of the guesthouses in Macedonia and the Slow Food philosophy application in the restaurant business. It is conceived according to the example of the SlowFood Italy guidebook "Osteried'Italia", and it has been implemented by following the existing legislation in our country.

In order to present more easily the concept of "Slow Food Guesthouses" and the principles upon which it is built and according to which the "snail" is deserved, we identify several characteristic points through which the vision of a modern "Slow Food Guesthouse" can be created.

We thereby present the general conditions:

• The starting point is the guesthouse location, the landscape, the accessibility, the architecture of the building and the **ambience**. The inn should be proud of its tradition and roots, however it should not have old, tired and monotonous look. On the contrary, it should be modern, without forgetting the past.

• The host's **hospitality** and he should also be well organized, friendly, with a sense of empathy and sincere commitment to the work.

• The **quality** based on the local groceries selection by respecting their seasonal availability, the local biodiversity, the traditional and the sustainable ways of production. Purchases are made by local small producers and well-known suppliers with proven and stable quality, secured at a correct and fair price. The inn should offer its own home-made wine and other local wines produced by small family wineries recommended by Slow Food.

• Respect for **gastronomic traditions**, which get a more attractive dimension when in touch with the chef's creativity. Tradition should not be an alibi for something that is immutable and conservative. The guesthouse does not follow trends, but creates them through the menu it offers.

• **Fair price** for which the guests get quality food and pleasure, and the host makes appropriate valorization of the dish.

• **Added values** such as having your own vegetable garden, specialized menus, gastronomic experiences, owning your own bakery, arranging a sales stand with local products and other contents will contribute to a better stay and impressions for the guests.

• The guesthouse must establish **interactive communication** with the guests through its profiles and social media pages, where they will evaluate the services offered there.

Inns, hotel restaurants, ethno restaurants, farms, mountain lodges, as well as bakeries, patisseries and delicatessen shops that meet the required criteria can be recommended as "SlowFood Guesthouses". Slow Food Macedonia offers support and guidance in following the criteria for all those interested to sail in the concept of "SlowFood Guesthouses".

АВТОРИ НА ВОДИЧОТ

AUTORE / AUTHORS



ВАЛЕНТИНА ВАЊА ТОДОРОВСКА
автор на текстови

VALENTINA VANJA TODOROVSKA
autore tekstesh

VALENTINA VANJA TODOROVSKA
author

Своето 25-годишно новинарско искуство го стекна во дневните весници „Вечер“ и „Утрински весник“, политичкиот магазин „Зум“, потоа во магазинот за туризам „Вино Бар“, „Стори“ и „Блеф“. Во светот на гастрономијата навлезе преку ангажманите од оваа област: ПР на Националната асоцијација на готвачи и шефови на кујни од Македонија„Гастромак“ (2019), судија на манифестациите – „Слатка мистерија“ (2018), „Интерскопје кејкс“ (2018), и рецензиите за ресторани што ги пишуваше во „Утрински весник“ од 2007 – 2017 година. Водичот „Слоу Фуд гостилници“, како што вели самата, ѝ беше предизвик поради тоа што е лична карта на нашата домаќинска гастрономија: „Ќе запознаете објекти со вистинска храна што е адут на сите што ја сакаат татковината“.

Eksperiencën e saj 25-vjeçare gazetareske Valentina e fitoi në gazetat e përditshme "Veçer" dhe "Utrinski Vesnik", revista politike "Zum", dhe më pas ne revistën për turizëm "VinoBar", "Story" dhe "Bluff". Ajo hyri në botën e gastronomisë përmes angazhimeve : PR (marrëdhënie me publikun) e Shoqatës Kombëtare të Kuzhinierëve dhe Shefave në Maqedoni "Gastromak" (2019), gjyqtarë në - "Slatkamisteria" (2018), "Interskopjecakes" (2018) si dhe përmes recensioneve që shkruante për restorantet në "UtrinskiVesnik" nga 2007-2017.Udhëzuesi “SlowFoodMejhanet”, siç thotë edhe vetë, ka qënë një sfidë për të sepse ai është letërnjoftimi i gastronomisë të vendit: "Ju do të njihni lokale me ushqim të vërtet që është argument për të gjithë ata që u pëlqen atdheu".

She gained her 25-year journalistic experience in the daily newspapers "Vecer" and "UtrinskiVesnik", the political magazine "Zoom", and then in the tourism magazine "InBar", "Story" and "Bluff". Valentina entered the world of gastronomy through the following engagements in the field : PR of the National Association of Cooks and Chefs Macedonia "Gastromak" (2019), judge in - "Slatkamisteria" (2018), "Interskopjecakes" event(2017), and also through the restaurants’ reviews in “UtrinskiVesnik” she wrote during 2007-2017. She claims that the Slow Food Guidebook, was a challenge for her since it is our home gastronomy identity card: "You will get to know places where real food is served, an alibi for all the people that love their homeland."



МАРЈАН КОСТАДИНОВСКИ
технички информации

MARJAN KOSTADINOVSKI
informacione teknike

MARJAN KOSTADINOVSKI
technical information

Во пивскиот бизнис е од 2005 година со интернет-продавница за пиво. Пишува текстови за пиво во магазини од секторот ИнХоРеКа БАр код (2008-2012) и ИнБар (2014-2015). Последните години организира повеќе пивски салони во Македонија, а учествува и како судија на меѓународни натпревари Birra Del Anno, Италија и Brussells Beer Challenge, Белгија.

Соработката со Слоу Фуд Македонија започна во 2005 г. со реализација на кампањата Slow Beer и подготовка на курсот „Master of food – пиво“. Во 2020 г. повторно ја отвора Пивотеката со фокус на занаетчиски пивари од Европа и првиот увоз од мали пивари од Белгија, Италија и Германија.

Në biznesin e birrës Marjani është që nga viti 2005 me një dyqan për birrë në internet. Ai shkruan tekste për revistat e birrës nga sektori InHoReKaBarcode (2008-2012) dhe InBar (2014-2015). Në vitet e fundit ai ka organizuar disa Sallone Birre në Maqedoni dhe poashtu merr pjesë si gjyqtar në garat ndërkombëtare BirraDel Anno, Itali dhe Brussells Beer Challenge, Belgjikë.

Ai filloi bashkëpunimin e tij me Slow Food Macedonia në vitin 2005 me realizimin e fushatës Slow Beer, si dhe me përgatitjen e kursit “Master of food- birrë”. Në vitin 2020, ai rihapi birrarinë Pivoteka me fokus në birraritë artizanale evropiane si dhe në importin e parë të birrës nga birraritë e vogla nga Belgjika, Italia dhe Gjermania.

Marjan has been in the beer business with an online beer store since 2005. He writes texts for beer magazines from the sector InHoReKaBarcode (2008-2012) and InBar (2014-2015). In recent years he has organized several Beer Salons in Macedonia, and he also participates as a judge at the international competitions BirraDel Anno, Italy and Brussells Beer Challenge, Belgium.

He started his collaboration with Slow Food Macedonia in 2005 by implementing the Slow Beer campaign, as well as by preparing the "Master of Food - Beer" course. In 2020, he reopened the Pivoteka brewery, focused on the European craft breweries and the first beer import from small brewerries in Belgium, Italy and Germany.

МАПА НА ГОСТИЛНИЦИТЕ

HARTA E MEJHANEVE / MAP OF THE GUESTHOUSES

MK

1. Ловна куќа **Камник**, Скопје 22
2. Ресторан **Ореов лад**, Скопје 24
3. Бистро **Гранче**, Скопје 26
4. Хостел **Китка**, Вратница 28
5. Хотел **Скардус**, Попова Шапка 30
6. **Багрдар традиционал**, Гостивар 32
7. Планинарски дом **Царевец**, Маврово 34
8. Хотел **Туто**, Јанче 36
9. Етно пансион **Кутмичевица**, Вевчани 38
10. Вила **Радожда**, Радожда 40
11. Етно село **Андревци**, Годивје 42
12. **Papa`s Food**, Охрид 44
13. Вила и Винарија **Мал Св. Климент**, ОХ46
14. Тераса **Утарна**, Горно Коњско 48
15. **Лејк вју**, Отешево 50
16. **Олд хаус БН**, Дихово 52
17. Вила **Дихово**, Дихово 54

AL

1. Shtëpi Gjuetie **Kamnik**, Shkup 22
2. Restorant **Oreov Llad**, Shkup 24
3. Bistro **Grançe**, Shkup 26
4. Hostel **Kitka**, Vratnicë 28
5. Hotel **Skardus**, Kodra e Diellit 30
6. **Bagërdar Tradicional**, Gostivar 32
7. Shtëpia Malore **CAREVEC**, Mavrorë 34
8. Hotel **Tuto**, Jançe 36
9. Etno - Pansion **Kutmiçevica**, Vevçan . . . 38
10. Vila **Radozhda**, Radozhdë 40
11. Etno - fshat **Andrevci**, Godivje 42
12. **Papa`s Food**, Ohër 44
13. Vila dhe kantina **Shën Klementi i Vogël**, Ohër 46
14. Terraca **Utarna**, Gorno Konjsko 48
15. **Lake View**, Oteshevë 50
16. **Old House BN**, Dihovë 52
17. Vila **Dihovo**, Dihovë 54

EN

1. Hunter's lodge **Kamnik**, Skopje 22
2. Restaurant **Oreov Lad**, Skopje 24
3. Bistro **Granche**, Skopje 26
4. Hostel **Kitka**, Vratnitsa 28
5. Hotel **Scardus**, Popova Sapka 30
6. **Bagerdar Traditional**, Gostivar 32
7. Mountain hut **Carevec**, Mavrovo 34
8. Hotel **Tutto**, Janche 36
9. Ethno Pansion **Kutmicevica**, Vevchani . 38
10. Villa **Radozhda**, Radozda 40
11. Ethno village **Andrevci**, Godivje 42
12. **Papa`s Food**, Ohrid 44
13. Villa & Winery **Mal Sv. Kliment**, Ohrid . . 46
14. Terrace **Utarna**, Gorno Konjsko 48
15. **Lake View**, Otesevo 50
16. **Old House BN**, Dihovo 52
17. Villa **Dihovo**, Dihovo 54


4
5
1
2
3
Тетово
Tetovo
Скопје
Skopje
6
Гостивар
Gostivar
7
8
Дебар
Debar
Кичево
Kichevo
11
9
Струга
Struga
12
13
10
Охрид
Ohrid
14
Ресен
Resen
15
16
17
Битола
Bitola

1. ЛОВНА КУЌА КАМНИК

1. SHTËPI GJUETIE KAMNIK, Shkup
1. HUNTER'S LODGE KAMNIK, Skopje

Престижен и гостопримлив, ресторанот „Камник" ја отсликува ловечката традиција, а концептот – автентичен амбиент, добра храна и љубезен персонал, овозможуваат вип-третман на сите гости. Естетиката е поврзана со животната филозофија на Панче Малинковски од 2004 година, а идејата продолжува оплеменета и разгранета од наследникот Илија.

Од градините на Камник се сервираат локално произведени органски зеленчук и овошје: од семка до плод, од жито до леб, со што овој ексклузивен објект потврдува дека квалитетот и хедонизмот одат во пар. Понудата на менито се новите хоризонти во гастрономијата, од Fine Dining до A la carte, а на челната позиција се специјалитетите од дивеч. Многу рецепти го имаат потписот на шеф Никола Мишковски, како што е **колач од зајак** што се подготвува од зајак, вргањ, црн дроб од патка, маслинки, топено сирење, кромид и лук.

Специјалитетот на куќата **гулаш од дивеч** се сервира на домашно интегрално лепче, а храната го има култниот статус и во ловечката салата (домати, печени пиперки, бамја, лук и магдонос), **традиционалното македонско жито**, **штрудлата Шато Камник** (јаболка, ореви, крем прелив од вино, суво грозје) и во **филот во палачинки** – од домашен џем од јаготки и рендани свежи бадеми.

Винската листа е составена од **ексклузивните вина на Камник**, а во колекцијата се и нивните ракии: **Signature Oak aged** и **Kamnik Muscat**.

Restoranti prestigjioz dhe mikpritës "Kamnik" pasqyron traditën e gjuetisë, ndërsa koncepti është ambient autentik me ushqim të mirë dhe staf miqësor ku sigurohet trajtim VIP për të gjithë mysafirët. Estetika lidhet me filozofinë e jetës së Pançe Malinkovski që nga viti 2004, dhe idea vazhdoi të zhvillohet nga pasardhëstij Ilija.

Nga kopshtet e Kamnikut shërbehen fruta dhe perime organike vendase: nga fara deri në produkt, nga drithi deri te buka, dhe kështu ky objekt ekskluziv konfirmon se cilësia dhe hedonizmi shkojnë krah për krah.

Menuja ofron horizonte të reja në gastronomi, nga Fine Dining deri në A la carte, dhe pozicioni kryesor janë specialitetet nga mishi i kafshëve të egra. Shumë receta kanë firmën e kuzhinierit Nikola Mishkovski, siç janë **tortë lepuri** e përgatitur me lepur, boletus, mëlçia e rosës, ullinj, djathë i shkrirë, qepë dhe hudhër.

Specialiteti i shtëpisë **gullash nga mishi i egër** shërbehet në bukë integrale e përgatitur në shtëpi, dhe ushqimi ka statusin kult me sallatën e gjuetisë (domate, speca të pjekura, bamje, hudhër dhe majdanoz), **drithin tradicional maqedonas**, shtrudelin "Chateau Kamnik" (mollë, arra, salcë kremi nga vera, rrush i thatë) **dhe me mbushjen e krepëve** - me reçelin e shtëpisë me luleshtrydhe dhe bajame të freskëta të grira.

Lista e verërave përbëhet nga **verërat ekskluzive në Kamnik**, dhe koleksioni përfshin gjithashtu edhe rakitë e tyre: **Signature Oak aged** dhe **Kamnik Muscat**.

ул. Камник бб, Скопје / Rr. Kamnik pn, Shkup / str. Kamnik bb, Skopje
+389 2 252 3522
info@kamnik.mk
http://www.kamnik.mk
www.facebook.com/HuntersLodgeKamnik
www.instagram.com/hunters_lodge_kamnik
tryspicy/skopje/kamnik

The prestigious and hospitable restaurant "Kamnik" reflects the hunting tradition, and the concept is an authentic ambience serving good food and friendly staff that provide VIP treatment to all the guests. The aesthetics is related to the life philosophy of Panche Malinkovski since 2004, and the dignified idea was continued and extended by his successor Ilija.

The Kamnik gardens provide locally produced organic fruits and vegetables: from seed to fruit, from grain to bread, and just like that, this exclusive facility confirms that quality and hedonism go along.

The menu offers new horizons in gastronomy, from Fine Dining to A la carte, and the main position are the game meat specialties. Many recipes have the signature by chef Nikola Mishkovski, such as the **rabbit cake** prepared with rabbit, boletus, duck liver, olives, melted cheese, onion and garlic.

The specialty of the house **game meat goulash** is served on homemade whole wheat bread, and the food has also got the cult status with the hunting salad (tomatoes, roasted peppers, okra, garlic and parsley), **the traditional Macedonian grain**, the **strudel Chateau Kamnik** (apples, walnuts, wine cream dressing, raisins) and with the **pancakes filling** – homemade strawberry jam and fresh grated almonds.

The wine list is composed of the exclusive Kamnik wines, and the collection also includes their Rakija (fruit brandy): **Signature Oak aged** and **Kamnik Muscat**.









2. РЕСТОРАН ОРЕОВ ЛАД

2. RESTORANT OREOV LLAD, Shkup
2. RESTAURANT OREOV LAD, Skopje

Поради вкусната храна, изолираноста од градот, градината со расцутени патеки, пресни мирисни тревки и две романтични мостиња, хедонистите за спас од бучавата и урбаниот метеж го одбраа „Ореов лад“. Во биографијата на овој семеен ресторан, како плод на семејна угостителска традиција се спомнува 1980, а од 1997 година сопственичката Сузана Стојковска, во менито ја потенцира македонска кујна и потсетува на заборавените вкусови. Наједноставните работи тука се издигнати на ниво на совршенство.

Гостилница е општествена институција, а доказ дека јадењето е привилегија за оние што се сакаат е топлиот амбиент со елегантен ентериер, големите прозорци од каде може да се впие целата надворешна убавина. На сите 6 000 квадрати, заедно со собите за издавање и 4 апартмани, во внатрешниот дел можат да се сместат 100 и во надворешниот – 200 луѓе.

По желба на гостите, готвачите ги прават старите јадења што ги нема во редовното мени, а препорака на куќата е **грнето Ореов лад**, **со микс од месо и зеленчук**, **тегнета пита печена под вршник**, **пастрмката** од сопствениот базен, а многу баран е и пинџурот од пиперките набрани од нивната градина и **дебарските овчи сирења**.

Дека гостинот е на прво место, сведочи и податокот дека во локалот можете да дојдете со домашно галениче, а во лето е активно отвореното кино за деца.

Për shkak të ushqimit të shijshëm, izolimit nga qyteti, kopshti me rrugica të lulëzuara, barërat e freskëta aromatike dhe dy urat romantike, hedonistët zgjodhën “Oreovlad” për të shpëtuar veten nga zhurma dhe bllokimet urbane. Në biografinë e këtij restoranti familjar, si vit pjellor kulinar të familjes përmendet viti 1980, ndërsa nga viti 1997 pronarja Suzana Stojkovska, në menynë e këtij restoranti thekson kuzhinën maqedonase dhe kujton shijet e harruara. Gjërat më të thjeshta këtu janë ngritur në nivelin e përsosmërisë.

Mejhanja është një institucion shoqëror, dhe provë se të ngrënit është një privilegj për ata që e duan veten është ambienti i ngrohtë me enterier elegant, dritaret e mëdha nga ku mund të përthithet e gjithë bukuria e jashtme. Brenda 6000 metrave katrorë, së bashku me dhomat që jipen me qira si dhe 4 apartamentet, mund të strehohen 100 persona brenda dhe 200 persona në ambientin jashtë.

Sipas dëshirës të mysafirëve, kuzhinierët përgatisin ushqime të vjetra që nuk janë në menunë e rregullt, ndërsa rekomandimi i shtëpisë është specijaliteti **“Oreovlad” në vorbë**, një **përzierje mishi dhe perimesh**, **lakror me të tjekur** (kollbyrek) **të pjekur me saç**, **troftë** nga baseni i pronarit dhe poashtu pinxhuri i shumëkërkuar i përgatitur nga specat e mbledhura nga kopshti i tyre si dhe **djathëra dhensh nga Dibra**.

Mysafiri është në vendin e parë, gjë që dëshmohet nga fakti që ju mund të vizitoni restorantin edhe me kafshë shtëpiake, dhe në verë kinemaja aktive për fëmijë është e hapur.

ул. 1, Сарај, Скопје / Rr. 1, Saraj, Shkup / str. 1, Saraj, Skopje
+389 70 279 790
oreovlad@gmail.com
www.oreovlad.com.mk/
www.facebook.com/oreovlad
www.instagram.com/oreovlad
tryspicy/skopje/oreovlad

The hedonists chose to save themselves from the noise and the urban congestion by visiting “Oreov Lad” due to the delicious food, the isolation from the city, the garden with blossoming pathways, the fresh fragrant grasses as well as the two romantic bridges. In the biography of this family restaurant, 1980 is mentioned as the year with fruitful family tradition in catering, while as since 1997 the owner Suzana Stojkovska recalls the forgotten tastes and emphasizes the Macedonian cuisine in their menu. The simplest things are elevated to the level of perfection there.

Guesthouses are social institutions, and a proof that eating is a privilege for those who love themselves is the warm ambience with elegant interior, large windows from where all the external beauty can be absorbed. In the capacity of 6,000 square meters, including the rental rooms and the 4 apartments, the inner part can accommodate 100 and the outer part up to 200 people.

If requested by the guests, the chefs prepare old dishes that are not in the regular menu, however the inn's recommendation is **“Oreov Lad” pot**, which is a **meat and vegetable mixture**, **stretched phyllo baked under a sach** (a specially heated metal lid), **trout** from their own fish ponds, the very popular “pindjur” prepared from the peppers harvested from their own garden, as well as the **Debar sheep milk cheese**.

A prove that the customer always comes first is the fact that you can come to the restaurant with a pet, and during summer there is an active open-air cinema for children.









3. БИСТРО ГРАНЧЕ

3. BISTRO GRANÇE, Shkup
3. BISTRO GRANCHE, Skopje

Гранче е објект каде поради последично-причинските убавини на храната, во лебородна атмосфера се чувствува тивка, гурманска еуфорија. Минатата 2020 година Елена Џајковска, инаку членка на Алијансата на готвачи на Слоу Фуд, го засади своето гранче, кое многу брзо пушти корени, раззелени и еве го – цути.

Можноста гостите сами да прават избор на храна, негувајќи ја филозофијата на Слоу Фуд: користење продукти од мали производители, почитување на животната средина и целосното искористување на храната, веднаш собра армија на следбеници што секојдневно ја покажуваат својата лојалност.

На ова место изгледот на храната секогаш е во функција на вкусот, текстурата. Прегратка на денот е со светото тројство на **салати со грав**, **рукола**, **сланина**, **чаден пипер** и **македонски овчи кашкавал**. Потоа, со **печено цвекло**, **рукола**, **портокал**, **јаболко**, **козјо сирење**, **ореви и мед и мешана зелена салата со наут**, **хариса**, **паста од лук, морков**, **фета**, **суво грозје и буков чаден пипер**.

